# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **28.02. 2012 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 2** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за дополнување на Програмата за изработка, измена и дополнување на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 годин**

Се објавува Одлука за дополнување на Програмата за изработка, измена и дополнување на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година бр. 0701 – 209 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219**
**28.02. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 17 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.60/11-пречистен текст), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За дополнување на Програмата**
**за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година :

**1.**Изработка и донесување на УПВНМ за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.905, 906/2, 908, 909/1, 909/2, 910/1, 910/2, 911/1, 911/2, 912, 913,914 м.в.„Беш Карач " , КО Горобинци , Општина Свети Николе;
**3.**Изработка и донесување на ЛУПД за изградба на рекреативен комплекс со времено сместување на КП бр.667 , м.в.„Село " КО Сопот, Општина Свети Николе;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701-209** **Совет на Општина Св.Николе**
**28.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Св.Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 4200 м.в. "Село" КО Црнилиште, Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 4200 м.в. "Село" КО Црнилиште, Општина Свети Николе бр. 0701 – 210 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/2** **Градоначалник,**
**28.02. 2012 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.60/2011 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.4200 м.в." Село " , КО Црнилиште, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.4200, м.в." Село " , КО Црнилиште, Општина Свети Николе

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701- 210** | **Совет на Општина Свети Николе**
**28.02.2012 година** | **Претседател,**
**Свети Николе** | **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 988 м.в. "Аргач" КО Пеширово, Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 988 м.в. "Аргач" КО Пеширово, Општина Свети Николе бр. 0701 – 211 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/3** | **Градоначалник,**
**28.02. 2012 год.** | **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** | ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.60/2011 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.988 м.в." Аргач " , КО Пеширово, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.988 м.в." Аргач " , КО Пеширово, Општина Свети Николе

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701- 211**
**28.02.2012 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација на КП бр. 344 м.в. "Стари лозја КО Сопот, Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација на КП бр. 344 м.в. "Стари лозја КО Сопот, Општина Свети Николе бр. 0701 – 212што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/4**
**28.02. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.60/2011 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на КП бр. 344 м.в." Стари лозја " , КО Сопот, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на КП бр. 344 м.в." Стари лозја " , КО Сопот, Општина Свети Николе за изградба на рекреативен комплекс со времено сместување .

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701- 212**
**28.02.2012 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2012 година**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2012 година бр. 0701 – 213 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/5**
**28.02. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02 ), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр.61/04, 96/04 и 22/07 ) и член 37 од Законот за буџети ( Сл. Весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 и 180/11) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2012 година**

**Член 1**

Во „ Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2012 година “ донесена од Советот на Општина Свети Николе на ден 29.12.2011 година под број 0701-903 член 7 се менува и гласи:

„Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година, а одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот со Одлука за прераспределба не може да се зголемат за повеќе од 10% “.

**Член 2**

Во членот 8 ставот 3 се брише.

**Член 3**

Во член 16 став 1 точка 1 бројот 23.153,00 се заменува со бројот 25.726,00, а наместо датумот 31.12.2011 година треба да стои 01.01.2012 година.

**Член 4**

Член 20 се брише.

**Член 5**

Член 21 се брише.

**Член 6**

Член 40 се брише.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Број 0701- 213**
**28.02. 2012 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување бр. 0701 – 214 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/6**
**28.02. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.05/02), а во врска со член 6 став 2 од Законот за комунални такси (“Службен весник на РМ” бр.61/04 и 92/07), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување**

**Член 1**

Во Одлуката за олободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување „Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/2012) по член 2 се додава нов член 3 кој гласи:

Врз основа на состојбата која Комисијата од членот 2 на оваа одлука ќе ја констатира со записник, Претседателот на Советот доставува барање до надлежната организациона единица на ЕВН за ослободување од плаќање на комунална такса на лицата за кои комисијата утврдила дека ги исполнуваат условите за ослободување.

Досегашниот член 3 станува член 4.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701- 214** **Совет на Општина Свети Николе**
**28.02. 2012 год.** **Претседател,**
**Св.Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2011 година од Централна пописна комисија**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2011 година од Централна пописна комисија бр. 0701 – 215 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/7** **Градоначалник,**
**28.02. 2012 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа ( "Службен весник на РМ " бр 5/2002 ), Советот на Општина Свети Николе на Седница одржана на ден 28.02.2012 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба 31.12.2011 година од Централна пописна комисија**

1.Се усвојува Извештајот за извршениот редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12. 2011 година од Централната пописна комисија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе ".

**Бр. 0701-215** **Преседател,**
**28.02.2012 год.** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за безбедносна состојба во текот на 2011 година на подрачјето на ПС Свети Николе**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за безбедносна состојба во текот на 2011 година на подрачјето на ПС Свети Николе бр. 0701 – 216 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/8** — **Градоначалник,**
**28.02. 2012 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информација за безбедносна состојба во текот на 2011 година на подрачјето на ПС Свети Николе**

1. Советот на Општина Свети Николе ја усвои Информацијата за безбедносна состојба во текот на 2011 година на подрачјето на ПС Свети Николе.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701 - 216** — **Претседател,**
**28.02. 2012 година** — **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈКП "Комуналец" Свети Николе бр. 0202-69/3**

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈКП "Комуналец" Свети Николе бр. 0202-69/3 бр. 0701 – 217 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/9** **Градоначалник,**
**28.02. 2012 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/02) и член 11 од законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38, 95, 9/97, 6/02,40/03, 49/06,22/07, 83/09,97/10 И 6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈКП "Комуналец" Свети Николе бр.0202-69/3**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлуката бр. 0202-69/3 од 24.02.2012 година со која Управниот Одбор на ЈКП "Комуналец" Свети Николе го овластува директорот на ЈКП"Комуналец" Свети Николе да склучи договор со ЈП "ХС Злетовица" – Пробиштип за начинот и условите за испорака на сирова вода од ХС "Злетовица".

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701- 217** **Совет на Општина Свети Николе**
**28.02.2012 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, доне

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука**
**за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за**
**изработка на Урбанистички планови за КО Кадрифаково и КО Амзабегово**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект заизработка на Урбанистички планови за КО Кадрифаково и КО Амзабеговобр. 0202-69/3 бр. 0701 – 218 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28.02. 2012 година.

**Бр. 0801-219/10** **Градоначалник,**
**28.02. 2012 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за изработка на Урбанистички планови за КО Кадрифаково и КО Амзабегово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во јавен повик за прибирање на предлог-проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата, објавен од Бирото за Регионален развој

Средствата ќе бидат наменети за **изработка на Урбанистички планови за лесна и незагадувачка индустрија за КО Кадрифаково и КО Амзабегово**.

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од 50% од вредноста на предлог-проектот, или 500.000,00 денари, согласно обврската од јавниот повик за обезбедување на кофинансирање.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за економски развој.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0701 - 218**
**28.02. 2012 година**
**Свети Николе**

**Советот на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за дополнување на Програмата за изработка, измена и дополнување на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година

2.Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 4200 м.в. “Село” КО Црнилиште, Општина Свети Николе

3. Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 988 м.в. “Аргач” КО Пеширово, Општина Свети Николе

4. Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална Урбанистичка планска документација на КП бр. 344 м.в. “Стари лозја КО Сопот, Општина Свети Николе

5. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2012 година

6.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување

7. Извештај за извршен редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на ден 31.12.2011 година од Централна пописна комисија

**8.** Информација за безбедносна состојба во текот на 2011 година на подрачјето на ПС Свети Николе

9.Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе бр. 0202-69/3

**10.Одлука** за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за изработка на Урбанистички планови за КО Кадрифаково и КО Амзабегово

**Бр. 0701 - 220**
**28.02. 2012 година**
**Свети Николе**